Број: 0302-127
05.04.2023 година
В е л е с

До
Сектор / одделение за финансии,
буџет / Сметководство / ревизија

**Предмет**: Покана за работилница

Почитувани,

Здружението на финансиски работници на локалната самоуправа и јавните претпријатија, следејќи ја долгодишната практика, потребата и барањата за обука, потребата за меѓусебно континуирано информирање, размена на информации и зголемување на вештините, со задоволство Ве известува дека на ден **27.04.2023 година, со почеток во 9.30 часот, во хотел „Белви“ – Скопје**, ќе се одржи работилница на тема:

**„АКТУЕЛНИ ТЕМИ ВО ОБЛАСТА НА ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ И НАДОМЕСТОЦИТЕ ВО ЈАВНИОТ СЕКТОР“**

**Здружението на финансиските работници е акредитирано од ИСОС за одржување на КПУ работилници.**

Оваа работилницата претставува одлична можност заедно со обезбедениот квалитетен експерт-практичар: дипл.екон. Бранислав Гулев за размена на знаења, долгогодишни искуства, добри практики, информации и насоки за правилно, навремено и точно работење во областа на финансиите во јавниот сектор.

Во текот на работилницата ќе бидат разработени следните теми и области:

- Надоместоци кај буџетски корисници и единици на локална самоуправа
- Измени на Законот за данок на личен доход
- Користење на работно време и остварување на право на додаток на плата
- Годишен одмор и регрес за годишен одмор:
- Аконтации за данокот на добивка:
- Ангажирање на лица врз основа на договор за вработување, договор за дело и авторски договор:
- Евидентирање на расходувани средства и даночен третман:
- Сметководствено евидентирање на времено и трајно користење на ствари
- Додаток на плата за посебни услови за работа

Со задоволство го очекуваме присуството на претставници на единиците на локалната самоуправа, буџетски корисници, единки корисници, јавните здравствени установи, јавните установи, јавни претпријатија / јавни комунални претпријатија, акционерски друштва и други заинтересирани страни.

Надоместокот за учество на работилницата, работните материјали, кафе пауза и сендвич по учесник изнесува само **4.500 денари со** вклучен **ДДВ**, кој можете да го уплатите на име на:
**Здружение на финансиски работници на локалната самоуправа и јавните претпријатија:**
**Сметка 300270000017628 - Комерцијална Банка АД Скопје**
**Сметка 200000026137030 - Стопанска Банка АД Скопје**
**Даночен број МК 4004997107233**

Учесниците на работилницата кои имаат статус на сметководител, односно овластен сметководител согласно одредбите на Законот за вршење сметководствени работи ќе имаат право на доделување на часови за посета на настава за КПУ согласно со темите и времетраењето на истите опфатени со Агендата за оваа работилница. За овие посетители фактурирањето на надоместокот ќе биде соодветно прилагодено во рамките на вкупно утврдениот надоместок за работилницата.

Во функција на подготовка за работилницата, Ве молиме да го пријавите Вашето присуство во канцеларијата на Здружението со доставување на пополнети **Пријави** за учество на работилницата на e-mail: zfrlsjpv@t.mk или kontakt_zfr@yahoo.com Формуларот за учество на работилницата и агендата се поставени на нашата веб страна https://zfr.org.mk/ За сите дополнителни информации обратете се во канцеларијата на Здружението на тел. 043/230-623, моб: 070/265-401, 071/335-930, 076/265-136 или наведените e-mail адреси.

Ве очекуваме да ни се придружите и заеднички да ги разрешиме сите отворени прашања и дилеми поврзани со темите од работилницата.

Со почит,

**Извршен директор,**
м-р Зоран Јанкуловски

Здружение на финансиски работници на локалната самоуправа и јавни претпријатија * ВЕЛЕС 2